**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 21.11.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 5090 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес;

3. **Период опфатен со надзорот:** 26 октомври 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 ноември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 26.08.2019 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-422, од 26.08.2019 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението (29.08.2019 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес, емитуван на 26 октомври 2019 година, на локално ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **не постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно не ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во емисијата „Слободно“ *(интервју со Христијан Мицкоски, лидер на ВМРО-ДПМНЕ)*, ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не беа објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за (датумот на) продукцијата.

26.10.2019

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | | **Опис на прекршувањето** |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| „Слободно“ (со Љубиша Николовски) | 21:20:32 | 22:05:56 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не беа целосно објавени податоците за импресумот |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес, на 26 октомври 2019 година, во емисијата „Слободно“ не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 26.08.2019 година, ТРД Телевизија КАНАЛ - 21 ДООЕЛ Велес не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- **Во согласност со член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата да поднесе предлог за поведување прекршочна постапка.**

***Сектор за програмски работи***